Врз основа на член 45, став 1 и став 2 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Р.С. Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и Сл. весник на Р.С. Македонија број 275/2019, 14/2020, 215/2021 ,99/2022 и 208/2024) и Предлогот за вработување на (1) еден извршител административен службеник по јавен оглас бр.1227/2025, со бр.10-462/7 од 16.02.2026 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување на кандидати по јавен оглас бр.1227/2025 на Агенција за администрација, Директорот на ООУ "ДИТУРИА" с.Липково, опш.Липково на ден 18.02.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.1227/2025**

1. На јавниот оглас бр.1227/2025 за вработување на административен службеник на работно место со шифра ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативни правни работи – **Секретар**, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) извршител, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Арзу Јунузи - Исени** со идентификациски код **15926А6.**
2. По завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука Директорот на **ООУ "ДИТУРИА" с.Липково** донесува решение за вработување на неопределено и полно работно време.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесување и се објавува на интернет страница и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Образложение**

Директорот на ООУ "ДИТУРИА"с.Липково до Агенција за администрација на ден 02.12.2025 поднесе барање бр.04-292 за објавување на јавен оглас за вработување на (1) еден извршител административен службеник. Врз основа на објавениот јавен оглас бр.1227/2025 на ден 31.12.2025 година за вработување на административен службеник за работно место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар,Одделение за нормативно правни работи, човечки ресурси и општи работи, објавен на веб страница на Агенција за администрација како и во дневните весници "Нова Македонија", "Слободен печат", и "Коха", формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас на Агенција за администрација со Решение бр. 10-462/1 од 23.01.2026 во функција на спроведување на селекција за административен службеник.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.1227/2025 ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување - административна селекција, за што состави Записник бр.10-462/2 од 23.01.2026 година.

На ден 11.02.2026 година Комисијата ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување – испит за административен службеник, за што состави Записник бр.10-462/4 од 11.02.2026 год.

На ден 13.02.2026 година се спроведе третата фаза од постапката – проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, за што е составен Записник бр.10-462/5 од 13.02.2026 година.

Постапувајќи во согласност со член 42 став 7 од Закон за административни службеници, Комисија за селекција за вработување по јавен оглас подготви Конечна ранг листа од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Закон за административни службеници до ООУ "ДИТУРИА" с.Липково доставен е Предлог за вработување на кандитати по јавен оглас бр.1227/2025, предлог бр.10-462/7 од 16.02.2026 година.

Во Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.1227/2025 за работно место ОБН 01 02 В01 001-Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба за ООУ "ДИТУРИА" с.Липково, се предлага кандидатот Арзу Јунузи - Исени со идентификациски код 15926А6.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-Кандидатот
-Агенција за администрација
- Архива

**ООУ "ДИТУРИА" с.Лојане**
**Директор**,

**Газменд Ганији**